Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр. 12-сл
Скопје __.__.2014 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Даме Груев бр.14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3106 739
Е-пошта: ivan.nedev@finance.gov.mk
Веб страна: finance.gov.mk

Предмет: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 22-24 септември 2014 година во Скопје ќе се одржи три дневен семинар на тема: "Credit Assessment & Management".

Семинарот е во организација на АТТФ – Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург, а ќе се одржи во Клубот на пратеници во Скопје од 9:00 до 17:00 часот.

Основната цел на семинарот е учениците да ги разберат и применат различните алатки за оценување на кредитниот ризик. Семинарот е комбинација на теоретски предавања и практични вежби/студии на случај. Истиот е високо интерактивен врз основа на постојана размена на ставови и мислења.

Целна група се претставници од банки и Народната банка на Република Македонија. Од учесниците се бара да имаат практично искуство во управување со кредитниот ризик како и одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество ќе ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk), секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (http://finance.gov.mk/node/665).

Ве молиме да номинирате најмногу два претставника од Вашата институција согласно целната група. Апликациите се доставуваат најдоцна до 05-ти септември (петок) 2014 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица. Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица: Иван Недев тел: 3016-739, E-mail: ivan.nedev@finance.gov.mk
Стефан Додов тел: 3106-122, E-mail: stefan.dodov@finance.gov.mk